ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ
за веб страницата www.gradskiparking.com.mk

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ЈП Градски паркинг-Скопје (во понатамошниот текст: (ЈП Градски паркинг-Скопје) на својата интернет страница во моментов нема имплементирано контакт форми и следствено преку овој портал не врши прибирање на лични податоци.

Вашата безбедност ни е важна од секој аспект. Заштитата на Вашата приватност како посетители на веб страницата зазема клучно место во градењето на довербата. Следејќи ги начелата за заштита на личните податоци дефинирани во General Data Protection Regulation (GDPR) и Законот за заштита на личните податоци, ЈП Градски паркинг-Скопје ја разви оваа Политика за приватност.

Со оваа Политика за приватност се регулира начинот на постапување на ЈП Градски паркинг-Скопје и на вработените при обработката на личните податоци, а со цел да се исполнат стандардите и начелата поврзани со обработката на личните податоци во насока на обезбедување на законитост, правичност, транспарентност и точност на личните податоци, како и доверливост, интегритет и достапност на личните податоци во информацискиот систем на ЈП Градски паркинг-Скопје.

1. **Контролор**

Согласно Законот за заштита на личните податоци (Сл.весник на РСМ бр.42/20 I 294/21), Контролор е:

Јавно претпријатие за јавни паркинг ЈП Градски паркинг-Скопје
Ул.Македонија бр.11а,Скопје
Република Северна Македонија
infogradski@gradskiparking.com.mk
02/3091-072

2. **Офицер за заштита на личните податоци**

Име и презиме:Марина Димитриевска
Електронска адреса:m.dimitrievska@gradskiparking.com.mk
Телефонски број:02/3215566, лок.210

3. Дефиниции

Оваа Политика за приватност се заснова на термините што ги користи ЗЗЛП, па за полесно разбирање на термините опфатени со неа, ги претставуваме најважните дефиниции согласно ЗЗЛП.

**„Личен податок"** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

**„Обработка на личните податоци"** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

**„Збирка на лични податоци"** е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

**„Контролор"** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

**„Обработувач"** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

**„Субјект на личните податоци„** е идентификувано или физичко лице кое може да се идентификува, чии лични податоци ги обработува контролорот одговорен за обработка на личните податоци.

**„Согласност“** на субјектот е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјава на волја, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци.

**„Корисник“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

**„Посебни категории на лични податоци“** се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.

4. Зашто ги собираме и обработуваме Вашите лични податоци?

Во моментов ЈП Градски паркинг на својата интернет страница не користи контакт форми преку кои Вие како наш корисник би ги споделиле со нас Вашите лични податоци.

Доколку во иднина се појави потреба од прибирање и дополнителна обработка на Вашите лични податоци, ќе побараме Ваша согласност пред таа обработка воопшто да започне

5. Правна основа за обработка (категории на лични податоци и цел на обработката на личните податоци)

Правна основа за собирање и обработка на Вашите лични податоци како посетители на www.gradskiparking.com.mk е Вашата согласност. Согласноста (член 10 став (1) алинеја 1 од ЗЗЛП) е правна основа за обработка на личните податоци кои е потребно да ги откриете за да може да остварите директна комуникација со ЈП Градски паркинг-Скопје за остварување на правото за користење на паркинг услугите на јавните паркиралишта со кои стопанисува ЈП Градски паркинг-Скопје.

Дали користиме автоматско донесување на одлуки и профилирање за цели на директен маркетинг

Доколку во иднина ЈП Градски паркинг-Скопје ги надгради функционалностите и вклучи автоматско донесување на одлуки или профилирање, тоа ќе биде направено со претходна анализа за потребата, анализа на ризик и Ваша согласност онаму каде што е тоа неопходно.

6. Кои се Вашите права како субјекти на лични податоци?

Право на пристап

Вие имате право да побарате од ЈП Градски паркинг-Скопје да Ви обезбеди пристап до личните податоци кои се обработуваат за Вас. Остварувајќи го правото на пристап, можете да добиете податоци за тоа:

- зашто ги обработуваме Вашите лични податоци
- кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас
- дали собираме Ваши лични податоци од други извори, освен од Вас лично?
- дали и под кои услови ги споделуваме Вашите лични податоци со трети страни
- колку долго ги чуваме Вашите лични податоци
- дали во нашето работење постои автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи и профилирање

**Барањето за пристап до Вашите лични податоци може да го најдете** на интернет страницата на ЈП Градски паркинг во менито Информации од јавен карактер ,, Лични податоци" .

Право на исправка

Вие имате право да побарате исправка и дополнување на Вашите лични податоци. Ова право можете да го остварите во случај кога:

- сметате дека Вашите лични податоци не се точни или не се потполни
- сметате дека Вашите лични податоци треба да бидат доплонети за да се исполни целта заради која се обработуваат

**Барањето за исправкана и дополнување Вашите лични податоци може да го најдете** на интернет страницата на ЈП Градски паркинг во менито Информации од јавен карактер ,, Лични податоци".

Право на бришење

Вие имате право да побарате од ЈП Градски паркинг-Скопје да ги избрише Вашите лични податоци во случај кога:

- сметате дека Вашите лични податоци не се повеќе потребни односно, целите за нивната обработка се веќе исполнети
- не сте повеќе согласни да ги обработуваме Вашите лични податоци
- имате вложено приговор на обработката на Вашите лични податоци
- сметате дека Вашите лични податоци се незаконски обработени
- малолетен/а сте, претставувате малолетник или сте биле малолетни во моментот кога Вашите лични податоци биле првично собрани

**Барањето за бришење на Вашите лични податоци може да го најдете** на интернет страницата на ЈП Градски паркинг во менито Информации од јавен карактер ,, Лични податоци".

Право на ограничување на обработката

Вие имате право да побарате ограничување (блокирање) на обработката на Вашите лични податоци. Ова право може да го остварите кога:

- ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци
- ја сметате обработката на Вашите лични податоци за незаконска

- сметате дека податоците не му се потребни на ЈП Градски паркинг-Скопје, но потребни Ви се Вам за остварување на други правни барања
- барате верификација за тоа дека легитимните интереси на ЈП Градски паркинг-Скопје преовладуваат над Вашите интереси како субјект на личните податоци

**Барањето за ограничување на обработката на Вашите лични податоци може да го најдете** на интернет страницата на ЈП Градски паркинг во менито Информации од јавен карактер ,,Лични податоци".

Право на преносливост
Вие имате право да ги добиете Вашите лични податоци во структуриран и читлив формат и да побарате истите бидат пренесени на друг контролор.
**Барањето за преносливост на Вашите лични податоци може да го најдете** на интернет страницата на ЈП Градски паркинг во менито Информации од јавен карактер ,,Лични податоци".

Право на повлекување на согласност
Вие имате право во секое време да ја повлечете согласноста за обработка на Вашите лични податоци. По Вашето барање за повлекување на согласноста, ќе постапиме без одлагање.
**Барањето за повлекување на согласноста за обработка на Вашите лични податоци може да го најдете** на интернет страницата на ЈП Градски паркинг во менито Информации од јавен карактер ,,Лични податоци".

## 7. Измени во Политиката за приватност

ЈП Градски паркинг-Скопје ќе врши повремени дополнувања на оваа Политика за приватност, земајќи ги предвид искуствата на посетителите и надградувањето на функционалностите на www.gradskiparking.com.mk .

Ве охрабруваме да ги следите измените и дополнувањата на Политиката за приватност, а со цел да бидете навремено информирани за заштитата на обработката на Вашите лични податоци.

## 8. Право на поднесување барање до Агенција за заштита на личните податоци

Доколку сметате дека личните податоци не ги обработуваме согласно ЗЗЛП можете да се обратите до:

Агенција за заштита на личните податоци
бул. „Гоце Делчев" бр. 18 Скопје
https://www.dzlp.mk/
info@privacy.mk

Изработил: Марина Димитриевска
Контролирал: Елизабета Атанасова

ЈП Градски паркинг-Скопје
В.Д.Директор
Мартин Гаврилски